МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 34-а став 12 од Законот за виното ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13 и 188/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ОРГАНОЛЕПТИЧКО ОЦЕНУВАЊЕ НА ВИНОТО ЗАРАДИ ДОБИВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА СТАВАЊЕ НА ВИНОТО ВО ПРОМЕТ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на трошоците за вршење на органолептичко оценување на виното заради добивање на решение за ставање на виното во промет.

## Член 2

(1) Трошоците за вршење на органолептичко оценување на виното заради добивање на решение за ставање на виното во промет се определени врз основа на трошоците потребни за обезбедување на просторија, надоместок за работата на членовите на комисијата, превоз и набавка на соодветни прехранбени производи неопходни за спроведување на органолептичкото оценување.

(2) Висината на трошоците од став (1) на овој член се:

- Обезбедување на просторија: 100.00 денари,

- Надоместок за работа на членовите на комисијата: 400.00 денари,

- Превоз: 50.00 денари, и

- Набавка на соодветни прехранбени производи: 60.00 денари.

(3) Трошоците од став (2) на овој член се однесуваат на органолептичко оценување на една мостра.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.29-775/1 | Министер за земјоделство, |
| 21 јануари 2015 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | м-р Михаил Цветков, с.р. |